# ОКОЛИНСКА ПОЛИТИКА

Нашата Околинска Политика е да се биде одговорен правен субјект во заштитата на околината. Ние се ангажираме да се усогласуваме со прифатената околинска пракса, вклучувајки ја обврската да ги задоволуваме применливите законски и други барања, настојувајки постојано да се подобруваме во EMS, и да го минимизираме создавањето на отпад и загадувачи. Затоа ние ги управуваме нашите процеси и персонал, за да ги намалиме влијанијата врз околината кои настануваат како резултат на нашите активности, како и влијанијата кои ги предизвикуваат правните субјекти како и Граѓаните кои живеат во општина Струмица.
Нашата Околинска Политика предвидува рамка за поставување и преглед на околинските реални смерници и оперативни цели. Околинската Политика е документирана, имплементирана и одржувана и достапна на сите вработени, како и на Граѓаните на Општината.

Општина Струмица се обврзува не само на имплементација туку и на примена на ISO-14001 за да и во иднина го унапредува и зголемува околинскиот учинок.
Нашите главни цели и заложби се:

- **Интегрирана политика за околината во рамките на буџетот на Општината и законските прописи**.
- **Насочување кон намалување на опасните и токсични хемикалии**
- **Смалување, реупотреба и рециклирање на отпадот**
- **Поттикнување и подобрување на рационална употреба на природните ресурси со кои располага општина Струмица**
- **Подигање на свеста за околината кај жителите кои живеат во Општината**
- **Учество на јавноста и пристап до информации во креирањето на политиката за унапредување на животната средина применувајки ги законските нормативи**.

Околинската Политика е достапна на сите заинтересирани страни , вклучувајќи ја и пошироката јавност .

Датум
15. 02. 2008

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев